**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Министерство за финансии врз основа на член 22, член 23, член 24, член 25 и член 26 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13 и 170/13) објавува

**ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА ЗА РАБОТЕН АНГАЖМАН НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ВО ПРОЕКТНА ЕДИНИЦА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ – ИПА КОМПОНЕНТА 4 ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Министерство за финансии формираше „Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР“, која ќе биде одговорна за децентрализирано управување со ИПА средствата во рамки на ИПА Компонента 4 согласно Регулативата на Инструментот за претпристапна помош 1085/2006, 718/2007, 80/2010 и 1292/2011. Проектната единица ќе ги врши работите кои се однесуваат на спроведување на регулативата и процедурите на Европската комисија за реализација на проектите што ги финансира Европската Унија, меѓу другото планирање, распишување на тендери; подготовки за склучување на договори; следење на напредокот на секој проект со цел да обезбеди дека сите договори се спроведени согласно правилата на ЕУ правилата; вршење на плаќања; подготовка на извештаи за Европската комисија за реализацијата на програмите финансирани од претпристапните фондови на Унијата; проверка на лице место на договорите; и други работи.
За таа цел, Министерството за финансии објавува оглас за ангажирање на 2 (две) лица за работен ангажман на определено време од 36 месеци на следниве позиции:

**1. Советник за следење на договорите во рамки на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - (1 извршител)**

**Потребни квалификации:**

- најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII1 Општествени науки, бизнис, економија или право;
- Одлично усмено и писмено познавање на македонскиот и англискиот јазик;
- Работа со компјутери;
- Поседување на возачка дозвола;
- Најмалку две години практично искуство во имплементација на проекти финансирани од меѓународни организации;
- Дневно работно време од 8:30 часот до 16:30 часот, неделно работно време 40 часа- од понеделник до петок; нето плата 24.049,00 денари.

**2. Советник за финансиска имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - (1 извршител)**

**Потребни квалификации:**

- најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII1 економски факултет;
- Одлично усмено и писмено познавање на македонскиот и англискиот јазик;
- Работа со компјутери;
- Најмалку две години практично искуство во имплементација на проекти финансирани од меѓународни организации;
- Дневно работно време од 8:30 часот до 16:30 часот, неделно работно време 40 часа- од понеделник до петок; нето плата 24.049,00 денари.

Повеќе податоци за работните должности на лицата кои ќе работат во Проектната единица може да се најдат во Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за финансии објавен на следниот линк: http://www.finance.gov.mk/files/u1/pravilnik_za_sistematizacija-03_01_2012.pdf.

Заинтересирани кандидати треба да доставаат: писмо за изразување на интерес, кратка биографија Europass CV (http://europasscedefop.europa.eu); фотокопија од диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место; потврда за работното искуство; уверение за познавање англиски јазик и компјутерски вештини и државјанство.
Потребната документација да се достави во затворен коверт на следнава адреса:

**Министерство за финансии**
**Сектор за централно финансирање и склучување на договори**
**ул. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје**
**(со назнака "за оглас за вработување")**

на спротивната страна на ковертот да се наведе реден број на работното место за кое се аплицира, со напомена: „Да не се отвара"

Рокот за доставување на потребната документација е осум (8) дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат (не сметајќи го денот на самото објавување), односно најдоцна до 04.02.2014 година до 16:00 часот.
Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде разгледана.
По извршената селекција на пријавените кандидати за пополнување на наведеното работно место, избраните кандидати ќе бидат дополнително повикани на интервју во просториите на Министерството за финансии. Министерството за финансии ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

The Ministry of Finance has established a Project Implementation Unit for the Operational Programme for Human Resources Development - OPHRD (IPA Component IV), and for that purpose publishes a job announcement for the following two (2) working positions:

- 1 Advisor for contract monitoring within OPHRD
- 1 Advisor for financial implementation of OPHRD

The employments will be on temporary basis for a period of 36 months and will be financed within the project “Direct financing of the expenditure incurred for the functioning of the Operating Structure for Human Resources Development Component of IPA"- Reference number: 09-28901/1, funded by the European Union within Component IV of the Instrument for Pre-Accession Assistance (IPA).
More information about the tasks of the persons to be engaged for the need of the Project Implementation Unit can be found in the Rulebook on systematization of the working posts, available on the following link:
http://www.finance.gov.mk/files/u1/pravilnik_za_sistematizacija-03_01_2012.pdf.

The deadline for submission of the required documentation is 4 February 2014, at 16.00, on the above specified address.

Проект финансиран од Европската Унија
The project is funded by the European Union